Врз основа на членот 6 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), Државниот испитен центар распишува:

# КОНКУРС
## *за избор на обучувачи*

Државниот испитен центар распишува Конкурс за избор на надворешни соработници — обучувачи кои треба да ја реализираат Програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта, и тоа за:

- **Модул број 1 – Примена на информатичко-компјутерската технологија при менаџирање во образованието** - *двајца обучувачи* (еден обучувач на македонски наставен јазик и еден обучувач на албански наставен јазик);
- **Модул број 2 – Теорија на организација** - *еден обучувач на албански наставен јазик;*
- **Модул број 3 – Луѓето во организацијата** - *еден обучувач на албански наставен јазик;*
- **Модул број 4 – Директорот како педагошки раководител** - *еден обучувач на албански наставен јазик;*
- **Модул број 5 – Финансии** - *еден обучувач на македонски наставен јазик*;
- **Модул број 6 – Законодавство** - *еден обучувач на албански наставен јазик.*

**Потребни квалификации:**

Кандидатите за обучувачи за модулите од 1 до 6 од Програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта, треба да достават доказ дека ги исполнуваат следните ***општи услови:***

- да имаат завршено најмалку високо образование - VII А ниво на национална рамка на квалификации;
- да имаат најмалку 5 години работно искуство во воспитно-образовна или научна дејност и
- искуство како обучувач од областа на содржината на модулот за кој конкурира,

како и следните ***посебни услови***:

- да имаат завршено најмалку академски студии од втор циклус од соодветната област;
- да имаат објавено стручни, односно научни трудови кои се во функција на актуелната потреба;
- да имаат учествувано со свои трудови на научни и стручни собири.

**Кандидатите потребно е да ги достават следните документи:**

- пријава каде што кандидатот треба да наведе за обучувач на кој модул се пријавува;
- кратка биографија;
- копија заверена на нотар од уверението/дипломата за соодветно високо образование;
- копија заверена на нотар од уверението/дипломата за образование од втор циклус од соодветната област;
- оригинал потврда за работно искуство во воспитно-образовна дејност или научна дејност;
- доказ за реализирани обуки како обучувач од областа на содржината на модулот;
- копија од првата страница од објавените стручни, односно научни трудови кои се во функција на актуелната потреба;

- доказ за учество со свои трудови на научни и стручни собири и
- план за реализација на содржините од модулот за кој конкурираат, кој треба да содржи цели, содржини, времетраење, методологии и потребни ресурси за секоја тема поединечно.

Кандидатите треба да имаат искуство во креирање испитни прашања и развиени комуникациски вештини.

Државниот испитен центар ќе врши селекција според горенаведените критериуми, а кандидатите кои ќе влезат во вториот круг ќе бидат интервјуирани, по што ќе следи конечен избор.

Кандидатите кои ќе бидат избрани за обучувачи ќе бидат ангажирани за период од две години.

Заинтересираните кандидати можат да ги достават потребните документи **најдоцна до 14.11.2022 година**.

Ненавременатa, невалидна и некомплетна документација, нема да се земе предвид.

НАПОМЕНА: Обучувач не може да биде вработен во Државниот испитен центар, Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните.

Пријавата со потребната документација се доставува со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: *Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б.б. 1000 Скопје,* со назнака з**а јавен конкурс за обучувачи.**

**Дополнителни информации можат да се добијат на телефонскиот број 075/300-606, секој работен ден.**